Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

**Број 0202-437/7**
**16.04.2021 година**

Врз основа на член 62 од Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје (Универзитетски гласник бр. 460 од 18 октомври 2019 година), Наставно - научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 16.04.2021 година ја донесе следнава

# О Д Л У К А

1. Се усвојува Извештајот за студентската анкета за квалитетот на наставата во летниот семестар за учебната 2019/2020 година и зимскиот семестар во учебната 2020/2021 година на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

2. Извештајот за студентската анкета за квалитетот на наставата во летниот семестар за учебната 2019/2020 година и зимскиот семестар во учебната 2020/2021 година на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Доставено до:
1. Продекан за настава
2. Архива

Декан,
Проф. д-р Лазо Пендовски



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk

**Бр. 03-413/2**
**7.4.2021 год.**

**Извештај од студентска анкета за летен семестар академска 2019/2020 година и за зимски семестар академска 2020/2021 година**

Поради избивањето на пандемијата со ковид-19 во текот на летниот семестар на академска 2019/2020 година, студентската анкета не беше спроведена поради вонредните околности што беа настанати. Поради тоа што неповолната епидемиолошка ситуација продолжи и во зимскиот семестар од оваа академска 2020/2021 година, студентската анкета за овој семестар беше извршена при заверката на летниот семестар, а истовремено со зимскиот семестар за 2020/2021 година беше извршена и студентска анкета и за летнниот семестар од 2019/2020 година. Во овие анкети беа опфатени редовни студенти кои запишале летен семестар 2019/2020 година и зимски семестар, како и студенти кои запишале летен семестар 2019/2020 година и презапишале предмети од зимски семестар 2020/2021 година.

Студентска анкета за летен семестар 2019/2020 година

Според податоците за бројот на запишани студенти во летниот семестар во академската 2019/2020 година, запишани се вкупно 103 **студенти**, во различни студиски гоодини. Од нив, во зимскиот семестар во академската 2020/2021 година се запишани вкупно 85 **студенти**. Во долната табела во одделот 1 е даден бројот на запишани студенти во летниот семестар во акадамската 2019/2020 година, а во оддделот 2 е даден бројот од истите студенти кои запишале зимски семестар во академската 2020/2021 година, како и бројот на студенти кои презапишале предмети.

| 1 | | 2 | |
|---|---|---|---|
| Студенти запишани во летен семестар 2019/2020 година | | Студенти запишани во зимски семестар 2020/2021 година | |
| Семестар II | 24 | Семестар III | 18 |
| Семестар IV | 12 | Семестар V | 11 |
| Семестар VI | 8 | Семестар VII | 3 |
| Семестар VIII | 9 | Семестар IX | 9 |
| Семестар X | 15 | Семестар XI | / |
| Презапишување на предмети | 35 | Презапишување на предмети | 44 |
| **ВКУПНО** | **103** | **ВКУПНО** | **85** |

Во евалуацијата на наставата во летниот семестар на академската 2019/2020 година за II, IV, VI и VIII семестар се опфатени само студентите кои запишале III, V, VII и IX семестар во зимскиот семестар на академската 2020/2021 година, а бидејќи од студентите кои запишаа X семестар во 2019/2020 година ниеден не запиша XI семестар во 2020/2021 година, анкетните прашалници за X семестар 2019/2020 година ги пополнуваа студентите од оваа генереација кои во зимскиот семестар 2020/2021 година презапишуваа предмети (вкупно 12 на број). Од страна на студентите опфатени во оваа анкета се пополнети вкупно **44** анкетни листови. Бројот на опфатени студенти во анкетата и бројот на пополнети анкетни листови е следен:

| Опфатени студенти што ислушале летен семестар 2019/2020 година | | Број на анкетни листови |
|---|---|---|
| Семестар I | 18 | 18 |
| Семестар III | 11 | 11 |
| Семестар V | 3 | 3 |
| Семестар VII | 9 | 9 |
| Семестар IX | 12 | 3 |
| **ВКУПНО** | **53** | **44** |



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk

Според податоците наведени претходно, процентот на пополнување на анкетните листови од страна на вкупниот број запишани студенти изнесува **51,76%**, додека од студентите кои реално биле редовни студенти во летниот семестар на академската 2019/2020 година, а запишале зимски семестар или презапишале предмети во академската 2020/2021 година има пополнетост од **83,02%**.

Иако горенаведениот процент на прв поглед наведува дека одзивот на студентите кон анкетата е голем, тоа всушност важи само за студентите од прва и втора година, додека во погорните години (како што се гледа од горната табела), опфатени се само студентите што успеале да преминат до летен семестар 2019/2020 година во зимски семестар 2020/2021 година, а тој број во четврта година е многу мал (само 3), а за петта година се земени студентите студентите што во 2020/2021 година презапишале предмети, а од нив само 3 ги пополниле анкетните листови. Од овој мал број број на студенти кои пополниле анкетни листови, кај одделни наставници е уште помал бидејќи кај некои од нив има и извесен број студенти воопшто не ги пополниле нивните анкетни листови (на пример, за некои наставници од петта година има само 1 пополнет лист од вкупно тројцата студенти кои одговориле на анкетата). Поради тоа, и овојпат извештајот не содржи нумерички оценки, туку само дали е оценката позитивна или не.

Второ што е карактеристично за оваа анкета што се разликува од тие во претходните години е мошне малиот број на коментари, од кои што сите се од студентите од погорните години, и се главно пофалби за одредени наставници. Коментари од студентите од пониските години воопшто нема, а исто така се оскудни коментарите поврзани со вонредните околности заради пандемијата со ковид-19 (наставата од далечина и неодржувањето на практичната настава), односно има само еден коментар каде што студентот изразува жалење што немало доволно пракса поради пандемијата, со очекување ова да се надополни кога ќе помине кризата.

Студентска анкета за зимски семестар 2020/2021 година

Според податоците за бројот на запишани студенти во зимскиот семестар во академската 2020/2021 година, запишани се вкупно **116 студенти**, во различни студиски години. Притоа треба да се каже дека бројот на студенти во трета година е поголем во однос на бројот на анкетирани студенти во претходната анкета, бидејќи во сегашната трета година, покрај студентите кои редовно преминале од втора во трета година, вклучени се и студенти од претходни генерации кои студирале по старата студиска програма (2009/2010), но немале услов за запишување трета година, а бидејќи во меѓувреме се промени студиската програма, тие се сега префрлени од старата во новата студиска програма (2018/2019). Во наредната табела е даден бројот на запишани студенти по семестар, како и бројот на студенти кои презапишале предмети.

| Семестар на студиум | Број на запишани студенти |
|---|---|
| Семестар I | 15 |
| Семестар III | 18 |
| Семестар V | 25 |
| Семестар VII | 3 |
| Семестар IX | 9 |
| Семестар XI | 2 |
| Презапишување на предмети 2019/2020 | 44 |
| **ВКУПНО** | **116** |

Во текот на анкетирањето, пополнети се вкупно **70 анкетни листови** од страна на студентите. Од активните студенти, во анкетирањето се опфатени студените од I, III, V, VII и IX семестар. Бројот на пополнети анкетни листови според претходно ислушаниот семестар е следен:

| Семестар кој е ислушан | Број на анкетни листови |
|---|---|
| Семестар I | 15 |
| Семестар III | 18 |
| Семестар V | 25 |
| Семестар VII | 3 |
| Семестар IX | 9 |



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје тел: +389 2 3240 700 е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
Република Северна Македонија факс: +389 2 3114 619 http://www.fvm.ukim.edu.mk

| | |
|---|---|
| **ВКУПНО** | **70** |

Според податоците наведени претходно, опфатот на пополнување на анкетните листови од страна на вкупниот број запишани студенти изнесува **60,34%**, додека од студентите кои реално се редовни студенти по ЕКТС програма има пополнетост од **100%**.

Од горенаведеново се гледа дека, за разлика од претходната анкета, во оваа одзивот на студентите е максимален, што е првпат откога постојат овие студентски анкети. Исто така, не е голем бројот на нецелосно пополнети, односно на непополнети анкетни листови (за одделни наставници), иако тој тренд и понатаму постои. Исто така и понатаму е присутен трендот да се избегнува одговорање на прашањата бр. 9 (објективност во оценувањето) и 10 (тежината на испитот) кај некои студенти. И овде во погорните години (четврта и петта) бројот на запишани студенти е мошне мал, така што и за оваа студентска анкета не се презентирани нумерички оценки, туку само дали е оценката позитивна или не. Во однос на коментарите важи истото што беше каажано за претходната анкета за летниот семестар 2019/2020 година, освен што може да се издвои еден коментар напишан на одделен лист хартија каде што се укажува овие анкети во иднина да се реализираат електронски, наместо со печатени анкетни листови, од еколошки причини (големо трошење хартија). Ова е сосем умесен коментар и е причина повеќе навистина следната анкета да се спроведе електронски.

Листите на оценетиот наставнички и соработнички кадар, како и на демонстраторите за летниот семестар 2019/2020 година и за зимскиот семестар 2020/2021 година е дадена во прилог на овој извештај.

Комисија за самоевалуација на ФВМС

Претседател
проф. д-р Игор Улчар, с.р.



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk

Летен семестар 2019/2020 година

II семестар

| предмет | наставник/соработник | оценка |
|---|---|---|
| Биохемија | наставник: проф. д-р Велимир Стојковски | поз. |
| | соработник: Стефан Јованов, докторанд (демонстратор) | поз. |
| Анатомија на животните | наставник: проф. д-р Влатко Илиески | поз. |
| | наставник: проф. д-р Лазо Пендовски | поз. |
| | соработник: / | поз. |
| Хистологија со ембриологија | наставник: проф. д-р Флорина Поповска-Перчиниќ | поз. |
| | соработник: Моника Довенска, ДВМ (демонстратор) | поз. |
| Хранливи, лековити и отровни растенија | наставник: проф. д-р Ромел Велев | поз. |
| Рурална економија | наставник: проф. д-р Благица Сековска | поз. |

IV семестар

| предмет | наставник/соработник | оценка |
|---|---|---|
| Сточарство | наставник: проф. д-р Никола Адамов | поз. |
| Исхрана на домашните животни | наставник: проф. д-р Срећко Ѓорѓиевски | поз. |
| Анимална хигиена | наставник: проф. д-р Александар Додовски | поз. |
| | соработник: Мирослав Ќосевски, ДВМ (демонстратор) | поз. |
| Физиологија на животните | наставник: проф. д-р Владимир Петков | поз. |
| | соработник: / | поз. |
| Микробиологија | наставник: проф. д-р Славчо Мреношки | поз. |
| | наставник: проф. д-р Искра Цветковиќ | поз. |
| | соработник: Нада Цветановска (демонстратор) | поз. |
| Комуникација во ветеринарна практика | наставник: проф. д-р Благица Сековска | поз. |
| | наставник: проф. д-р Пламен Тројачанец | поз. |

VI семестар

| предмет | наставник/соработник | оценка |
|---|---|---|
| Патолошка физиологија | наставник: проф. д-р Игор Улчар | поз. |
| | наставник: проф. д-р Ирена Целеска | поз. |
| | соработник: Сара Ѓорѓиевска, студент (демонстратор) | поз. |
| Фармакологија | наставник: проф. д-р Ромел Велев | поз. |
| Патолошка морфологија | наставник: проф. д-р Трпе Ристоски | поз. |
| | соработник: доц. д-р Ивица Ѓуровски | поз. |
| Паразитологија и паразитарни заболувања | наставник: проф. д-р Јована Стефановска | поз. |
| Клиничка биохемија | наставник: проф. д-р Велимир Стојковски | поз. |
| | соработник: Стефан Јованов, докторанд (демонстратор) | поз. |
| Визуелни дијагностички методи | наставник: проф. д-р Дине Митров | поз. |
| | соработник: Александар Јаневски, ДВМ (демонстратор) | поз. |

VIII семестар

| предмет | наставник/соработник | оценка |
|---|---|---|
| Специјална хирургија со ортопедија | наставник: проф. д-р Пламен Тројачанец | поз. |
| | наставник: проф. д-р Ксенија Илиевска | поз. |
| Репродукција | наставник: проф. д-р Тони Довенски | поз. |
| | наставник: проф. д-р Бранко Атанасов | поз. |
| | соработник: Кристина Дојчиновска, студент (демонстратор) | поз. |



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk

| | | |
|---|---|---|
| Заразни заболувања на домашните животни | проф. д-р Кирил Крстевски | поз. |
| Внатрешни болести на домашни миленици и копитари | наставник: проф. д-р Дине Митров | поз. |
| Внатрешни болести на фармски животни | наставник: проф. д-р Дине Митров | поз. |
| | наставник: проф. д-р Игор Џаџовски | поз. |

X семестар

| предмет | наставник/соработник | оценка |
|---|---|---|
| Биологија и патологија на пчели | наставник: проф. д-р Мишо Христовски | поз. |
| Биологија и патологија на дивеч | наставник: проф. д-р Мишо Христовски | поз. |
| Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед | наставник: проф. д-р Павле Секуловски | поз. |
| | наставник: проф. д-р Деан Јанкулоски | поз. |
| | наставник: доц. д-р Сандра Мојсова | поз. |
| | наставник: доц. д-р Мирко Проданов | поз. |
| Безбедност на храна и ветеринарно јавно здравство | наставник: проф. д-р Павле Секуловски | поз. |
| | наставник: проф. д-р Деан Јанкулоски | поз. |
| | наставник: доц. д-р Сандра Мојсова | поз. |
| | наставник: доц. д-р Мирко Проданов | поз. |
| Судско ветеринарство и ветеринарна етика | наставник: проф. д-р Трпе Ристоски | поз. |
| | соработник: доц. д-р Ивица Ѓуровски | поз. |
| Основи на менаџмент со менаџмент на ветеринарна пракса | наставник: проф. д-р Благица Сековска | поз. |
| Болести на птиците | наставник: проф. д-р Александар Додовски | поз. |

Зимски семестар 2020/2021 година

I семестар

| предмет | наставник/соработник | оценка |
|---|---|---|
| Хемија | наставник: проф. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу | поз. |
| | соработник: доц. д-р Ристо Узунов | поз. |
| Биостатистика | наставник: проф. д-р Василка Попоска-Треневска | поз. |
| Биологија на клетка | наставник: проф. д-р Велимир Стојковски | поз. |
| | соработник: Методи Илиески, студент (демонстратор) | поз. |
| Биофизика | наставник: проф. д-р Сузана Топузоски | поз. |
| Анатомија на животните | наставник: проф. д-р Влатко Илиески | поз. |
| | наставник: проф. д-р Лазо Пендовски | поз. |
| | соработник: Димитар Божиновски, ДВМ (демонстратор) | поз. |
| Хистологија со ембриологија | наставник: проф. д-р Флорина Поповска-Перчиниќ | поз. |
| | соработник: Моника Довенска, ДВМ (демонстратор) | поз. |

III семестар

| предмет | наставник/соработник | оценка |
|---|---|---|
| Сточарство | наставник: проф. д-р Никола Адамов | поз. |
| Исхрана на домашните животни | наставник: проф. д-р Среќко Ѓорѓиевски | поз. |
| Анимална хигиена | наставник: проф. д-р Александар Додовски | поз. |
| | соработник: доц. д-р Мирослав Ќосевски | поз. |
| Физиологија на животните | наставник: проф. д-р Владимир Петков | поз. |
| | соработник: доц. д-р Мартин Николовски | поз. |
| Микробиологија | наставник: проф. д-р Искра Цветковиќ | поз. |
| | соработник: Нада Цветановска, студент (демонстратор) | поз. |



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје тел: +389 2 3240 700 е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
Република Северна Македонија факс: +389 2 3114 619 http://www.fvm.ukim.edu.mk

| | | |
|---|---|---|
| Имунологија | наставник: проф. д-р Искра Цветковиќ | поз. |
| | соработник: Нада Цветановска, студент (демонстратор) | поз. |

V семестар

| предмет | наставник/соработник | оценка |
|---|---|---|
| Патолошка физиологија | наставник: проф. д-р Игор Улчар | поз. |
| | наставник: проф. д-р Ирена Целеска | поз. |
| | соработник: Сара Ѓорѓиевска, студент (демонстратор) | поз. |
| Фармакологија | наставник: проф. д-р Ромел Велев | поз. |
| Патолошка морфологија | наставник: проф. д-р Трпе Ристоски | поз. |
| | соработник: доц. д-р Ивица Ѓуровски | поз. |
| Паразитологија и паразитни заболувања | наставник: проф. д-р Јована Стефановска | поз. |
| | соработник: Љубица Рашиќ, ДВМ (демонстратор), Кристина Атанасова, студент (демонстратор) | поз.* |
| Клиничка анатомија | наставник: проф. д-р Влатко Илиески | поз. |
| | наставник: проф. д-р Лазо Пендовски | поз. |
| | соработник: Димитар Божиновски, ДВМ (демонстратор) | поз. |
| Визуелни дијагностички методи | наставник: проф. д-р Дине Митров | поз. |
| | соработник: Александар Јаневски, ДВМ (демонстратор) | поз. |
| Клиничка биохемија | проф. д-р Велимир Стојковски | поз. |
| | Стефан Јованов, докторанд (демонстратор) | поз. |

VII семестар

| предмет | наставник/соработник | оценка |
|---|---|---|
| Општа хирургија со анестезиологија | наставник: проф. д-р Пламен Тројачанец | поз. |
| | наставник: проф. д-р Ксенија Илиевска | поз. |
| | соработник: Матеа Матева, студент (демонстратор), Марија Солакова, студент (демонстратор) | поз.* |
| Репродукција | наставник: проф. д-р Тони Довенски | поз. |
| | наставник: проф. д-р Бранко Атанасов | поз. |
| | соработнк: Кристина Дојчиновска, студент (демонстратор) | поз. |
| Заразни заболувања на домашните животни | наставник: проф. д-р Кирил Кстевски | поз. |
| | соработник: Елисавета Лукановска, студент (демонстратор) | поз. |
| Внатрешни болести на домашни миленици и копитари | наставник: доц. д-р Елена Атанаскова Петров | поз. |
| | соработник: Марија Костиќ, студент (демонстратор), Елена Митревска, студент (демонстратор) | поз.* |
| Внатрешни болести на фармски животни | наставник: проф. д-р Дине Митров | поз. |
| | наставник: проф. д-р Игор Џаџовски | поз. |
| | соработник: Александар Јаневски, ДВМ (демонстратор), Емилија Мурџева, студент (демонстратор) | поз.* |

IX семестар

| предмет | наставник/соработник | оценка |
|---|---|---|
| Биологија и патологија на риби | наставник: проф. д-р Мишо Христовски | поз. |
| | соработник: Александар Трајчовски, ДВМ (демонстратор) | поз. |
| Офталмологија | наставник: проф. д-р Пламен Тројачанец | поз. |
| | наставник: проф. д-р Ксенија Илиевска | поз. |
| Хигиена и технологија на месо, риби јајца и мед | наставник: проф. д-р Павле Секуловски | поз. |
| | наставник: проф. д-р Деан Јанкулоски | поз. |
| | наставник: доц. д-р Сандра Мојсова | поз. |
| | наставник: доц. д-р Мирко Проданов | поз. |

| | | |
|---|---|---|
| | соработник: Марија Раткова, ДВМ (демонстратор) | поз. |
| | соработник: Љупчо Ангеловски, ДВМ (демонстратор) | поз. |
| Хигиена и технологија на млеко | наставник: проф. д-р Павле Секуловски | поз. |
| | наставник: проф. д-р Деан Јанкулоски | поз. |
| | наставник: доц. д-р Сандра Мојсова | поз. |
| | наставник: доц. д-р Мирко Проданов | поз. |
| | соработник: Марија Раткова, ДВМ (демонстратор) | поз. |
| | соработник: Љупчо Ангеловски, ДВМ (демонстратор) | поз. |
| Менаџмент со здравје на стадо | наставници: проф. д-р Тони Довенски, проф. д-р Пламен Тројачанец, проф. д-р Дине Митров, проф. д-р Бранко Атанасов, проф. д-р Ирена Целеска, проф. д-р Игор Џаџовски, проф. д-р Ксенија Илиевска | поз.* |
| Ветеринарна епидемиологија | наставник: доц. д-р Кирил Крстевски | поз. |
| Ветеринарна токсикологија | наставник: проф. д-р Ромел Велев | поз. |
| Специјална хирургија со ортопедија | наставник: проф. д-р Пламен Тројачанец | поз. |
| | наставник: проф. д-р Ксенија Илиевска | поз. |
| | соработник: Матеа Матева, студент (демонстратор), Марија Солакова, студент (демонстратор) | поз.* |
| Управно ветеринарство | наставник: проф. д-р Елена Давитковска | поз. |
| | соработник: асс. м-р Слободен Чокревски | поз. |

* групна оцена



Лазар Поп-Трајков 5-7, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
тел: +389 2 3240 700
факс: +389 2 3114 619
е-пошта: contact@fvm.ukim.edu.mk
http://www.fvm.ukim.edu.mk